Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПАТУВАЊЕ ЛИЦА ВО МЕЃУНАРОДНИ МИСИИ И ВО МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ**

Се прогласува Законот за упатување лица во меѓународни мисии и во меѓународни организации,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 3 декември 2007 година.

Бр. 07-5232/1
3 декември 2007 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Љубиша Георгиевски,** с.р.

# ЗАКОН ЗА УПАТУВАЊЕ ЛИЦА ВО МЕЃУНАРОДНИ МИСИИ И ВО МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ

## I. Општи одредби

Член 1

Со овој закон се уредуваат постапката за избор и упатување на лица, државјани на Република Македонија во меѓународни мисии и во меѓународни организации, каде врз основа на покана или оглас на меѓународната мисија или меѓународната организација, за одредено време ги упатува државен орган, како и правата, должностите и одговорностите на упатените лица.

Член 2

(1) Со упатување на лице во меѓународна мисија и во меѓународна организација, се исполнуваат обврските на Република Македонија кои произлегуваат од членството во меѓународните организации и од ратификуваните меѓународни договори.

(2) Лице во меѓународна мисија и во меѓународна организација, може да биде упатено и врз основа на надворешно политички, безбедносни и економски интереси на Република Македонија.

(3) Упатувањето во Меѓународна мисија и во меѓународна организација го врши државен орган.

Член 3

Одредени изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

- “упатено лице” е лице кое во меѓународна мисија или организација, на одредено време, го упатува државен орган во кој лицето е во работен однос. Лице одбрано непосредно од меѓународната организација и кое е во работен однос кај истата, не се смета за упатено лице;